**Кратко резиме на донесениот Заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување на постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето државна помош од страна на Министерството за финансии на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост**

**(предмет бр. 10-56 од 22.03.2023 година)**

Согласно член 10 и член 15 став (4) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10) на ден 07.04.2023 година Комисијата за заштита на конкуренцијата започна постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето државна помош од страна на Министерството за финансии на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост. Комисијата за заштита на конкуренцијата од страна на заинтересирано лице беше известена за Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост и дека истиот може да претставува  евентуална незаконска државна помош. Истиот не е доставен до Комисијата за заштита на конкуренцијата, со цел да даде мислење по истиот.

Со овој Закон е предвидено дека Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот “Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на Северна Македонија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственот, во износ од 28.900.000 евра, доколку Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, не ги исполнува и сервисира обврските од Финансискиот договор.

При разгледување на овој Закон и Договорот заобезбедување на државна гаранција склучен помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија, како гарант и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственот, како должник, Комисијата за заштита на конкуренцијата оцени дека обезбедувањето на државна гаранција на определеното претпријатие претставува државна помош во смисла на законодавството за државна помош, со оглед на фактот дека му овозможува економска предност која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги како и тоа дека постои состојба на потенцијални или реализирани расходи на државата споредбено со состојбата кога не би постоело давање на гаранција за финансиски договор за заем. Следствено, постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на таквата помош.

Се повикуваат заинтересираните лица да достават коментари и мислења во писмена форма за Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на

Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост а за кој Закон. Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе заклучок за поведување постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош. Коментарите и мислењата на заинтересираните лица можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје, или по е-маил: kzk@kzk.gov.mk во рок од 30 дена од денот на објавувањето на краткото резиме на Заклучокот.

05.07.2023 година

Скопје